Врз основа на чл. 384 ст. 1 и чл.387 ст.1 од ЗТД и член 44 од Статутот на ГД-ТИКВЕШ АД Кавадарци, Управниот одбор на ГД-ТИКВЕШ АД Кавадарци објавува

# Ј А В Е Н П О В И К

За учество на Годишно Собрание на акционери на друштвото

Седницата на Годишното Собрание на акционери на ГД-ТИКВЕШ АД Кавадарци ќе се одржи на ден 28.05.2026 год. (четврток) со почеток во 10 часот во седиштето на друштвото на ул.Шишка бр.2 Кавадарци.

За седницата на Годишното собрание на акционери се предлага следниот:

## Д Н Е В Е Н Р Е Д

**I.Процедурален дел:**

1.Избор на претседавач на Собранието;

2.Избор на бројач на гласови, записничар и заверувачи на записникот .

**II.Работен дел:**

1.Разгледување и усвојување на годишната сметка, финансиските извештаи и годишниот извештај за работата на друштвото за деловната 2025 година и разгледување на ревизорскиот извештај на друштвото за деловната 2025 година.

2.Разгледување и усвојување на консолидираната ревидирана годишна сметка на друштвото за деловната 2025 година.

3.Донесување на одлука за распределба на остварената добивка на друштвото за деловната 2025 година.

4.Донесување на одлука за одобрување на работата на членовите на Управниот одбор на друштвото за деловната 2025 година.

5.Донесување на одлука за одобрување на работата на членовите на Надзорниот одбор на друштвото за деловната 2025 година.

6.Разгледување и усвојување на Извештајот за работењето на Службата за внатрешна ревизија на друштвото за периодот од 01.01.2025 година до 31.12.2025 година.

7.Донесување на одлука за избор на овластен ревизор за ревизија на годишната сметка и финансиските извештаи на друштвото за деловната 2026 година.

Се повикуваат акционерите да го пријават своето учество на Собранието.

Право на учество на Собранието имаат акционерите и полномошници на акционерите.

Секој акционер кој има намера да учествува на свиканото Собрание на друштвото е должен да го пријави своето учество на Собранието **(пријава за учество на Собрание)** најдоцна пред почетокот на седницата на закажаното Собрание.

Пријавите за учество на закажаното Собрание да се достават до друштвото - Служба за правни работи.

Собранието ќе одлучува само за прашањата кои се уредно ставени на дневниот ред, согласно Законот за трговски друштва.

Гласањето по точките од дневниот ред ќе се врши на начин согласно Статутот на друштвото и Законот за трговски друштва.

На седницата на Собранието може да учествува секој акционер сам или со свој полномошник со давање полномошно во писмена форма за што е должен да го извести друштвото по писмен пат или електронски.

Податоци за начинот на испраќање на известувањето на полномошната и обрасците за гласање преку полномошник се достапни на официјалната интернет страница на ГД-ТИКВЕШ АД Кавадарци **www.gd-tikves.com.**

Акционер кој нема да го извести друштвото за даденото полномошно ќе се смета дека не го дал полномошното.

Согласно Законот за трговски друштва акционерите кои поединечно или заедно поседуваат најмалку 5 % од вкупниот број на акции со право на глас можат да предложат дополнување на дневниот ред со барање за вклучување нови точки ако истовремено приложат и образложение за предложената точка за дополнување на дневниот ред.

Акционерите кои поединечно или заедно поседуваат најмалку 5 % од вкупниот број на акции со право на глас имаат право по писмен пат да предложат за усвојување одлуки по секоја од точките кои се вклучени или ќе бидат вклучени во дневниот ред на седницата на Собранието на друштвото.

Барањето за вклучување на нови точки во дневниот ред, предлагањето на одлуки за усвојување и прашања се испраќа до органот на управување на друштвото **во рок од осум дена од денот кога е објавен јавниот повик** за одржување на седница на Собранието на друштвото, а подетални информации за постапката на доставување предлози и прашања може да се најдат на официјалната интернет страница на ГД-ТИКВЕШ АД Кавадарци **www.gd-tikves.com.**

Материјалите за седницата на Собранието и дополнителни информации согласно Законот за трговски друштва на акционерите им се достапни од денот на објавувањето на овој повик секој работен ден во седиштето на друштвото или на официјалната интернет страница на друштвото **www.gd-tikves.com.**

**Управен одбор на**
**ГД-ТИКВЕШ АД Кавадарци**

____________________________